КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („ Службен весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016, бр. 142/16 и бр. 233/18) в.в со член 27 од Статутот на Комората на извршители, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, на 181 седницата одржана на ден 24.04.2019 година ја донесе следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-240/13
24.04 2019 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

**I.**

Се усвојува

С т а в

Побарувањата треба да се наплатуваат како што се поднесени. Дополнително со оглед на тоа дека предмет на извршување може да биде платата до 50 % се препорачува во најдобар интерес за децата разликата од исплатата на 1/3 од платата до 1/2 да се исплаќа побарувањето и истовремено и побарувањето од алиментацијата.

**II.**

Се усвојува

Правно мислење

Налогот за извршување врз недвижност не произведува правно дејство доколку истиот не е запишан во јавните книги.

**III.**

Се препорачува извршителите да ги почитуваат усвоениот став и правно мислење.

**Комора на извршители на РМ**
Претседател на Управен одбор,
Зоран Димов
______________________________

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com